**20250952126**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25), министерот за култура и туризам донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ И ДРУГИТЕ УСЛОВИ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на пријавата за исполнување на минимално-техничките услови и другите услови на објектите за вршење на туристичка дејност.

Член 2

Пријавата за исполнување на минимално-техничките услови и другите услови на објектите за вршење на туристичка дејност се изготвува на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на пријавата од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на пријавата за исполнување на минимално-техничките услови на објектите за вршење на туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/07).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Северна Република Македонија“.

Бр. 69 – 5256/1
12 мај 2025 година
Скопје

Министер за култура
и туризам,
**Зоран Љутков,** с.р.

Прилог

До:

- Министерство за економија и труд - Државен пазарен инспекторат

- општина______________________

**ПРИЈАВА**

**за исполнување на минимално-техничките услови и другите услови**
**на објектите за вршење на туристичка дејност**

| **Идентификација на трговското друштво/трговец поединец** |
|---|
| Назив на трговското друштво/трговец поединец:<br>_________________________________________________________<br>Адреса на седиштето на трговското друштво/трговец поединец:<br>_____________________________________________<br>ЕМБС:__________<br>Податоци за одговорното лице:________________________________<br>(име и презиме)<br>Телефон:<br>_____________________<br>Општина:<br>_________________________________ |
| **Идентификација на деловниот објект** |
| Под кој назив ќе работи деловниот објект на туристичката агенција:<br>____________________________________________________<br>Адреса на деловниот објект:<br>_______________________________________________<br>Телефон:_____________________<br>Општина:__________________________________ |

**Деловен објект**

Вид на објектот: трајна градба □ киоск □

Пристап до деловниот објект: да □ не □

Доказ за сопственост: сопствен □ под закуп □

Деловниот објект се состои од:______________простории

Вкупна површина на деловниот објект е____________$м^2$ , со висина______________________м.

Вкупна површина на киоск_____________$м^2$ ,со висина___________________м.

Напомена:
За повеќе од две продажни места површината се зголемува за секое ново уште за $4м^2$.
Најмалата површина на деловниот објект треба да изнесува 14м2 , а висината не треба да биде помала од 2,4м.
Ако деловниот објект е сместен во зграда која што е регистрирана како историски културен објект во заштитена споменична целина или во киоск, површината на деловниот објект не треба да биде помала од 7 м2 , а висината на деловниот објект не треба да биде помала од 2,2 м.

**Санитарен дел**

Тоалет со проточна вода: број:_________ ______________ $м^2$

Предпростор со мијалник: не ☐ да ☐ ______________$м^2$

Тоалет обложен со плочки во висина од 1,6 м: да ☐ не ☐

Тоалет: заеднички ☐ сопствен ☐

Осветлување: природно ☐ вештачко ☐

Вентилација: природно ☐ вештачко ☐

Греење:___________ °C

**Опремување:**

Гарнитура за седење: да ☐ не ☐

Телефон: да ☐ не ☐

Телефонска опрема: да ☐ не ☐

| |
|---|
| Информатичка опрема: да ☐ не ☐<br>Противпожарен апарат: да ☐ не ☐ |
| **Број на вработени во деловниот објект на туристичката агенција**<br>____________________________ |
| **Потврда дека деловниот објектот е во заштитена споменична целина**<br>**(ако се наоѓа таму, а е спорна квадратурата или висината)** |
| **Изјавувам дека сите информации дадени во пријавата се вистинити:**<br><br>**Датум:**<br>_____________ **година**<br><br>**М.П.** __________________<br>**потпис**<br>**Место:**<br>_____________ |
| |